Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на ТЕХНО КЛИМА ДООЕЛ Скопје УП2 09-33/24 од 30 јануари 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1137976680, 1137976624 и 1137961830, сите за период 01.12.2023-31.12.2023 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1137976680, 1137976624 и 1137961830, сите за период 01.12.2023-31.12.2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

ТЕХНО КЛИМА ДООЕЛ Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: фактура за испорачана електрична енергија бр. 1137976680, 1137976624 и 1137961830, сите за период 01.12.2023-31.12.2023 година издадени од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ), за различни локации, односно:

-1137976680 е за објект во Бардовци,
-1137961830 е за објект во Карпош,
-1137976624 е за објект во Момин Поток.

Според ЕВН ХОМЕ - извршена е проверка и утврдено е дека броилата редовно се отчитуваат, а регистрираните состојби се доставуваат за фактурирање соодветно. Оттука, не може да се постапи по барањето на корисникот за корекција на фактури.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори одржана на 7 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-33/24 од 30 јануари 2024 година со прилог:

-Барање за проверка на состојба на потрошувачката на повеќе локации
-Фактура бр. 1137976680 за период 01.12.2023-31.12.2023
-Фактура бр. 1137976624 за период 01.12.2023-31.12.2023
-Фактура бр. 1137961830 за период 01.12.2023-31.12.2023

2. Одговор од ЕВН од 16 февруари 2024 година со прилог:

-Извештаи со податоци од отчитување на броилата од 22 јануари 2024 година

-Работен налог бр. 000034236 од замена на броилата за место на потрошувачка број 104700200000

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, согласно доставениот Извештај за отчитани состојби на потрошена електрична енергија, видно е дека состојбите во приговараните фактури се во ред.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–33/24**
**25 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**